Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

09.Декември, 2022 година

Архивски број : 21-2214/6

Предмет: Известување за јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 389 и КП 394, КО Идризово со намена Е 2.1 – Згради и комплекси на патниот сообраќај (патни услужни објекти – бензинска станица со придружни објекти) на регионален пат Р1102 општина Гази Баба

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20), Министерството за транспорт и врски Ве известува дека го изложува на увид на јавноста Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 389 и КП 394, КО Идризово со намена Е 2.1 – Згради и комплекси на патниот сообраќај (патни услужни објекти – бензинска станица со придружни објекти) на регионален пат Р1102 општина Гази Баба.
Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 12.12.2022 година до 26.12.2022 година.
Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт и врски „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, 1000, Скопје како и на е-адресите:
vesna.markovska@mtc.gov.mk
aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk и
daniela.despotovska-sekovska@mtc.gov.mk
Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,
По овластување на Министер
Помошник Раководител на Сектор за уредување на просторот:
Илина Лалкова, диа

Изработил: Даниела Деспотовска Сековска, диа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk